# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ ВО МРК

**Скопје 2015**

Содржина

1. Вовед..........................................................................2

2. Усогласување на постоечките квалификации...............3

3. Вклучување на новите квалификации............................7

## 1. Вовед

Развојот и воспоставувањето на Македонската рамка за квалификации[1]( (во поматамошниот текст: МРК) во Република Македонија ја поттикна потребата за вклучување на старите, постојни квалификации[2], кои се стекнати врз основа на јавно донесени образовни програми и извршена пропишана проверка во процесот на формалното образование, и вклучување на нови квалификации во МРК, како и потреба од дефинирање на Методологија за вклучување на старите, постојни квалификации и новите квалификации во МРК.

Потребно е да се истакне дека сегашните квалификации не ги поседуваат основните структурни елементи на квалификации кои се дефинирани во Законот за Националната рамка на квалификации[3] (во поматамошниот текст: НРК), како што се резултати од учење[4], клучни компетенции[5], кредити[6] и описи[7] по нивоа[8], освен високообразовните квалификации кои се развиени врз основа на Националната рамка за високообразовни квалификации, усвоена 2010 год. Поради тоа, сегашните квалификации можат, само приближно, да се споредат и усогласат со нивоата и описите на нивоата во МРК и затоа во процесот на усогласување треба да се земат предвид и други фактори, како што се содржината и контекстот на квалификациите. Целосно усогласување на сегашните постојни квалификации со принципите на МРК ќе настане во процесот на ревизија на постојните квалификации.

## 2. Усогласување на постојните квалификации

Усогласувањето на постојните квалификации со описите на нивоата од МРК ќе се изврши преку:

- Идентификација на постојните квалификации;
- Проценка на постојните квалификации со цел да се утврди дали можат да се вклучат во МРК;

---

[1] „**Македонска рамка на квалификации (МРК)**" е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.

[2] **„Квалификација"** е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно утврдени стандарди.

[3] **Член 6** од Законот за Националната рамка на квалификации.

[4] **„Резултати од учење**" се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).

[5] „**Клучни компетенции**" се збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените и професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотното учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчиниот јазик, комуникација на странски јазик, математичко-техничка и научна компетенција, граѓанска свесност, информатичка технологија, претприемништво, учење како да се учи и културно изразување.

[6] **„Кредит"** е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работа што им е потребен на учесниците со цел да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учење на дадено ниво.

[7] „**Описи на квалификации"** се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

[8] **„Нивоа во рамката"** е серија на последователни чекори на учење, изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.

- Споредба со други квалификации, со користење на критериумите на МРК и
- Реструктуирање на наставната програма со резултатите од учење.

Користењето на описите на нивоа и користењето на релевантни показатели овозможува постојната квалификација да се вклучи во Рамката на квалификации на соодветно ниво. Такви релевантни показатели кои ги поседуваат постојните квалификации, а ќе помогнат во процедурата на усогласување се:

1. степен на образование /ниво на сложеност;
2. изготвен и усвоен стандард на занимање или образовен стандард;
3. област (основно, средно, више или високо образование);
4. времетраење на наставната или студиската програма;
5. содржина на програмата или дел од програмата и на наставната програма;
6. цели на учење и очекувани резултати во програмата;
7. истражувачки активности, пракса и др.

Овие показатели мора да се споредат со описите на нивоа кои се изразени во смисла на резултати од учење (знаења, вештини и компетенции).

Процедурата за усогласување на постојните квалификации во МРК мора да е транспарентна и се одвива во неколку чекори:

Чекор 1: Разгледување на називот на квалификацијата;
Чекор 2: Разгледување на типот на квалификацијата (квалификација на ниво на образование и стручна квалификација);
Чекор 3: Разгледување на начинот на стекнување на квалификацијата (формален, неформален и информален пат);
Чекор 4: Разгледување на структурата на стекнатата квалификација (предмети, модули, единици);
Чекор 5: Разгледување на процесот на оценување на квалификацијата;
Чекор 6: Разгледување на условите за влез (упис) (споредување со нивоата во МРК со цел да се утврдат условите за влез);
Чекор 7: Разгледување на можноста за проодност;
Чекор 8: Идентификација на институцијата која овозможува стекнување на квалификација и издавање на јавен документ (диплома, уверение) за стекнатата квалификација;
Чекор 9: Разгледување на видот на јавниот документ за стекнатата квалификација;
Чекор 10: Разгледување на припадноста на определен сектор;
Чекор 11: Разгледување на поврзаноста и споредба со соседните земји и со ЕРК (споредба со описите на нивоата);
Чекор 12: Разгледување на компетенциите, стандардите на занимања, образовните стандарди, дали се во согласност со описите на нивоата во МРК;
Чекор 13: Усогласување со МРК.

Процедурата започнува со пополнување на формулар – **Формулар за усогласување на постоечките квалификации** во кој треба да се внесе:

1. ***Назив на квалификацијата*** - точен и целосен назив на квалификацијата;
2. ***Тип на квалификацијата*** - квалификација на ниво на образование или стручна квалификација со образложение за вистинската намена на квалификацијата (пр. за продолжување на образованието, за личен развој, за вработување);

3. ***Опис на содржината на квалификацијата*** - краток опис на стандардот на кој се заснова квалификацијата (стандард на занимања, образовен стандард), детали за образовната програма[9] /единици на квалификации, информација за усвојување на образовната програма или информација од други извори;
4. ***Опис на резултатите од учење*** - краток опис на знаењата[10], вештините[11] и компетенциите[12], преземени од стандардот на занимања или образовниот стандард и детали од општиот дел на образовната програма**.** При описите на резултатите од учење се користат активни глаголи од Блумовата таксономија;
5. ***Споредба со описите на нивоата во МРК*** - споредба на податоците од точките 3 и 4 од формуларот со описите на нивоа во МРК;
6. ***Услови за влез (упис)*** - условите се прецизирани во Законите од областа на образованието (Закон за основно, Закон за средно, Закон за високо, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасни);
7. ***Назив на програма[13] /модули[14] и времетраење*** - двегодишно, тригодишно***;***
8. ***Начин и критериуми на оценување[15] -*** како се вршело оценувањето;
9. ***Кој го вршел оценувањето***
10. ***Начин на стекнување на квалификацијата*** - формално учење кое се изведува според јавно донесени наставни програми, неформално учење стекнато преку посетување на разни програми понудени од провајдери и информално учење како резултат на секојдневни активности на работа, дома итн;
11. ***Институција каде се стекнува квалификацијата*** - стручно училиште, организација, верифицирана институција за образование;
12. ***Вид на јавен документ*** *(диплома, уверение)*;
13. ***Институција која го издава јавниот документ***
14. ***Статус на институција која го издава јавниот документ*** (јавна, приватна, комора, НВО);
15. ***Класифицираност (припадност) на сектор***
16. ***Проодност -*** хоризонтална и вертикална проодност;
17. ***Меѓународна споредливост*** – упатување со нивоата на ЕРК и споредба со слични квалификации од европските земји или од соседните земји;
18. ***Усогласување на квалификацијата со МРК*** - се внесува нивото од МРК со кое квалификацијата е усогласена.

---

[9] Поимот образовна програма се однесува на образовна програма за основно, гимназиско и стручно образование и студиска програма за високо образование.

[10] **„Знаење“** е збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.

[11] **„Вештини“** е способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).

[12] **„Компетенции“** се збир на стекнатото знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа.

[13] **„Програма (образовна/студиска)“** е збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

[14] **„Модул“** е независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од образовна програма.

[15] **„Оценување“** е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

19. ***Поврзаност со ISCO (International Standard for Classification of Occupations) и поврзаност со Националната класификација на занимања (НКЗ)***

Табела 1

| **Формулар за усогласување на постоечките квалификации** | | |
|---|---|---|
| 1. | *Назив на квалификација* | |
| | *Број на Решение со кое е одобрена* | |
| 2. | *Тип на квалификација* | |
| 3. | *Опис на содржина на квалификација* | |
| 4. | *Опис на резултати од учење (знаење, вештини и компетенци)* | |
| 5. | *Споредба со описи на нивоа во МРК* | |
| 6. | *Услови за влез (упис)* | |
| 7. | *Назив на програма/модул и времетраење* | |
| 8. | *Начин и критериуми на оценување* | |
| 9. | *Кој го вршел оценувањето* | |
| 10. | *Начин на стекнување на квалификација* | |
| 11. | *Институција каде се стекнува квалификација* | |
| 12. | *Вид јавен документ (диплома, уверение)* | |
| 13. | *Институција која го издава јавниот документ (диплома, уверение)* | |
| 14. | *Статус на институција која го издава јавниот документ (јавна, приватна, комора, НВО)* | |
| 15. | *Класифицираност (припадност) на сектор* | |
| 16. | *Проодност (хоризонтална/вертикална)* | |
| 17. | *Меѓународна споредливост* | |
| 18. | *Усогласување со МРК* | |
| 19. | *Поврзаност со ISCO (International Standard for Classification of Occupations) и поврзаност со Националната класификација на занимања (НКЗ)* | |

Евиденцијата за спроведената процедура за усогласување на постојните квалификации во МРК ја води Секторската комисија која ги анализира постојните квалификации и врши евалуација на истите, и разгледува предлози за воведување на нови квалификации.

Евиденцијата се препраќа до Националниот Одбор кој донесува одлуки за распоредување на новите квалификации во Македонската рамка на квалификации и донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со Македонската рамка на квалификации.

Одобрената квалификација од Националниот одбор се запишува во Регистарот на Македонската рамка на квалификации.

### 3. Вклучување на новите квалификации

Процедурата за вклучување на новите или ревидираните квалификации во МРК се одвива во неколку чекори:

Чекор 1: Разгледување на називот на квалификацијата;
Чекор 2: Разгледување на типот на квалификацијата (квалификација на ниво на образование или стручна квалификација);
Чекор 3: Разгледување на резултатите од учење во согласност со стандардите на занимања или образовните стандарди;
Чекор 4: Разгледување на начинот на стекнување на квалификацијата (по формален, неформален и информален пат);
Чекор 5: Разгледување на структурата на квалификацијата (единици, единици на клучни компетенции, резултати од учење, предмети, модули);
Чекор 6: Разгледување на условите за влез (упис) (споредба со нивоата во МРК со цел да се утврдат условите за влез (упис);
Чекор 7: Разгледување на можноста за проодност;
Чекор 8: Идентификација на институцијата која овозможува стекнување на квалификација и издавање на јавен документ (диплома, уверение) за стекнатата квалификација;
Чекор 9: Разгледување на видот на јавниот документ за стекнатата квалификација;
Чекор 10: Разгледување на припадноста на определен сектор;
Чекор 11: Разгледување на поврзаноста и споредба со соседните земји и со ЕРК (споредба со описите на нивоата);
Чекор 12: Споредба со соседните земји и со ЕРК;
Чекор 13: Вклучување на квалификацијата во МРК.

Процедурата започнува со пополнување на формулар – **Формулар за вклучување на новите квалификации** во кој треба да се внесе:

1. ***Назив на квалификацијата*** - точен и целосен назив на квалификацијата;
2. ***Тип на квалификацијата*** - квалификација на ниво на образование или стручна квалификација со образложение за намената на квалификацијата (пр. за продолжување на образованието, за личен развој, за вработување);
3. ***Код на квалификацијата***
4. ***Опис на содржината на квалификацијата*** - краток опис на стандардот на кој се заснова квалификацијата (стандард на занимања, образовен стандард), детали за образовната програма[16] /единици на квалификации, информација за усвојување на образовната програма или информација од други извори;
5. ***Опис на резултатите од учење*** - краток опис на знаењата, вештините и компетенциите. При описите на резултатите од учење се користат активни глаголи од Блумовата таксономија;
6. ***Споредба со описите на нивоата во МРК*** - споредба на податоците од точките 4 и 5 од формуларот со описите на одредено ниво од МРК;
7. ***Услови за упис (влез)*** – условите се прецизирани во Законите од областа на образованието (Закон за основно, Закон за средно, Закон за високо, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасни), а може да се внесе и предусловот за квалификација (пр. завршено ниво 2);

[16] Поимот образовна програма се однесува на образовна програма за основно, гимназиско и стручно образование и студиска програма за високо образование.

8. ***Број на задолжителни и изборни предмети***
9. ***Кредитна вредност на квалификацијата и нејзини единици*** – да се внесе нивото и кредитната вредност за секоја единица на квалификација и за самата квалификација;
10. ***Начин и критериуми на оценување*** - како ќе се врши оценувањето;
11. ***Кој ќе го врши оценувањето***
12. ***Начин на стекнување на квалификации*** - формално учење кое се изведува според јавно донесени наставни програми, неформално учење стекнато преку посетување на разни програми понудени од провајдери и информално учење како резултат на секојдневни активности на работа, дома итн;
13. ***Институција каде се стекнува квалификацијата*** - стручно училиште, организација, верифицирана институција за образование;
14. ***Вид на јавен документ*** *(диплома, уверение)*;
15. ***Институција која го издава јавниот документ***
16. ***Статус на институција која го издава јавниот документ*** (јавна, приватна, комора, НВО);
17. ***Класифицираност (припадност) на секор***
18. ***Проодност*** - хоризонтална и вертикална проодност;
19. ***Меѓународна споредливост*** - упатување со нивоата на ЕРК и споредба со слични квалификации од европските земји или од соседните земји;
20. ***Ниво на квалификации во МРК*** – доделување на ниво на квалификации во МРК;
21. ***Поврзаност со ISCO (International Standard for Classification of Occupations) и поврзаност со Националната класификација на занимања (НКЗ)***

Табела 2

| **Формулар за вклучување на нови или ревидирани квалификации** | | |
|---|---|---|
| 1. | *Назив на квалификација* | |
| | *Број на Решение* | |
| 2. | *Тип на квалификација* | |
| 3. | *Код на квалификација* | |
| 4. | *Опис на содржина на квалификација* | |
| 5. | *Опис на резултати од учење (знаење, вештини и компетенции)* | |
| 6. | *Споредба со описи на нивоа во МРК* | |
| 7. | *Услови за упис (влез)* | |
| 8. | *Број на задолжителни и изборни предмети/единици/модули* | |
| 9. | *Кредитна вредност на квалификацијата и нејзини единици* | |
| 10. | *Начин и критериуми на оценување на излезните резултати* | |
| 11. | *Кој ќе го врши оценувањето* | |
| 12. | *Начин на стекнување на квалификација* | |
| 13. | *Институција каде се стекнува квалификација* | |
| 14. | *Вид на јавен документ (диплома, уверение)* | |
| 15. | *Институција која го издава јавниот документ (диплома, уверение)* | |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | *Статус на институција која го издава јавниот документ (јавна, приватна, комора, НВО)* | |
| 17. | *Класифицираност (припадност) на сектор* | |
| 18. | *Проодност (хоризонтална, вертикална)* | |
| 19. | *Меѓународна споредливост* | |
| 20. | *Ниво (подниво) на квалификација во МРК* | |
| 21. | *Поврзаност со ISCO (International Standard for Classification of Occupations) и поврзаност со Националната класификација на занимања (НКЗ)* | |

Евиденцијата за спроведената процедура за вклучување на нови или ревидирани квалификации во МРК ја води Секторската комисија, која ги анализира постојните квалификации и врши евалуација на постојните квалификации и разгледува предлози за воведување на нови квалификации.

Евиденцијата се препраќа до Националниот Одбор кој донесува одлуки за распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации и донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со Македонската рамка на квалификации.

Одобрената квалификација од Националниот одбор се запишува во Регистарот на Македонската рамка на квалификации.

**ПРИЛОГ 1:**

Споредба на Македонската рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации

| МРК ниво | Под-ниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК ниво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | | | | III Циклус на студии<br><br>Докторски студии | 8 |
| 7 | 7 А | | | | II Циклус на студии<br><br>Магистерски академски студии | 7 |
| | 7 Б | | | | II Циклус на студии<br><br>Специјалистички студии | |
| 6 | 6 А | | | | I Циклус на студии<br><br>Универзитетски студии<br>Стручни студии | 6 |
| | 6 Б | | | | I Циклус на студии<br><br>Универзитетски студии<br>Стручни студии | |
| 5 | 5 А | | | | Стручни студии<br><br>Кратки стручни студиски програми во рамките на првиот циклус | 5 |
| | 5 Б | | Постсредно образование (специјалистичко образование и мајсторски испит) | Постсредно образование (специјалистичко образование и мајсторски испит) | Постсредно образование | |
| | | Гимназиско образование | Четиригодишно техничко образование | Неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4** | | | (ниво на сложеност - IV, согласно стандардите на занимања) | | **4** |
| **3** | | Стручно образование за занимања (во траење од три години) | Неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност - III, согласно стандардите на занимања) | | **3** |
| **2** | | Стручно оспособување во траење до две години | Неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност - I  и II, согласно стандардите на занимања) | | **2** |
| **1** | Основно образование | | Функционална писменост и нумерички вештини | | **1** |

**ПРИЛОГ 2:**

Описи на нивоата во Македонската рамка за квалификации

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| VIII | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле во согласност со највисоките меѓународни стандарди;<br><br>Поседува знаење стекнато со сопствено истражување или работа со кое дава значаен придонес во професионалното и научното поле на истражување, но и во сродните на него полиња. | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br><br>Го користи своето знаење како основа за оригинални идеи и истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и на меѓународни рецензирани публикации;<br><br>Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, неопходни за решавање на сложени проблеми во полето на истражување;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;<br><br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење; | Презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на останатите во групата.<br><br>Презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза; | |
| **VII** | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;<br><br>Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.<br><br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено; | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **VI** | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаратив-ни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност да општи и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност; | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **V** | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област;<br><br>Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br><br>Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност;<br><br>Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот;<br><br>Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите;<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на останатите во групата. |
| **IV** | Познава концепти, принципи и процеси од учените предмети и области;<br><br>Поседува систематични теоретски и стручни знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, неопходни за учењето и работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на трудот или учењето;<br><br>Оспособен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br><br>Оспособен е да изведува сложени постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата;<br><br>Комуницира и соработува со | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на зедничката работа;<br><br>Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, во согласност со дадените насоки, во променливи услови;<br><br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | групата во променливи услови. | |
| **III** | Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br>Извршува работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите;<br>Комуницира и соработува со групата. | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени овластувања, во рамките на делокругот на својата работа;<br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. |
| **II** | Поседува основни, теоретски и стручни знаења потребни за познавање на подрачјето на трудот и може да ги примени при извршувањето на едноставни работни задачи, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини за извршување едноставни или помалку сложени и однапред дефинирани работи во познати услови и предвидливи ситуации;<br>Користи едноставни методи, алати, инструменти, уреди и материјали врз основа на детални упатства;<br>Комуницира и соработува со одделни лица. | Работи самостојно во познати услови под повремен надзор и со ограничена одговорност за извршување на работните задачи;<br>Остварува едноставна комуникација и соработка со дел од вработените во познати ситуации. |
| **I** | Поседува основно знаење за функцијата на одредени предмети и појави со можност да ги примени во практиката и другите дисциплини, а во исто време овозможува и натамошно учење. | Поседува основни вештини за извршување едноставни работи;<br>Користи едноставни методи, алати и инструменти со упатства и под надзор;<br>Поседува општи правила на комуникација. | Извршува едноставни задачи под директен надзор;<br>Презема одговорност за извршување едноставни задачи. |